**20192774328**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

**УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА[1] (*)**

Член 1

Во Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/14, 65/14, 113/14, 157/14, 17/15, 67/15, 126/15, 177/15, 2/16, 68/16, 133/16,202/16, 22/17, 48/17, 162/17, 189/17, 44/18, 99/18, 157/18, 201/18 и 234/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 45/19, 118/19 и 201/19), во членот 1, во ставот (2) бројот „230“ се брише, а по Прилогот 444 се додава нов Прилог 445, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 2

Прилогот 230 се брише.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ .

Бр. 45-10787/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

* Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEXбр. 32019R1391 и , 32019R1404.

**Прилог 445**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 1404/2019** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пар од зашилени врвови сочинети од пластика и метал (челик со врв од волфрам) специјално дизајнирани да бидат прицврстени за стапчиња за Нордископешачењесо клик-он систем.<br><br>Види слика (*).<br><br> | 9506 91 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 3 од Глава 95 и наименување на тар. број 9506, и тар. подброј 9506 91 90.<br><br>Нордиските стапчиња за пешачење не можат да се сметаат за стапови за одење, бастуни како тие од тар. Број 6602. Објективните карактеристики на Нордиските стапчиња за пешачење се разликуваат од бастуни за одење од тар. број 6602 со оглед дека истите се дизајнирани да се користат во пар да го туркаат телото нанапред слично на движењето во крос скијање.Рачките се вертикално продолжување бна стапчињата слично на рачките кај стапчињата кај крос скијањето, додека рачките на стапчињата за одење се хоризонтално продолжување на стапчињата за да за да им дозволат на корисниците да ја оддржуваат тежината со стапчето.<br><br>Нордиското одење, пешачење, е различно од обичното одење зашто горниот дел од телото работи на туркање на телото напред со помош на стапчињата и, оттука може да се како физичка вежба согласно значењето на тарифен број 9506.<br><br>Врвовите имаат карактеристичен облик и дизајн и специфичен систем на прицврстување што ги прави погодни за употреба само или главно со стапчињата за Нордиско-одење (производи од тар. број 9506) согласно Забелешка 3 од Глава 95. Распоредување во тар. број 6603 како делови на стапови за одење, бастуни од тар. број 6602, оттука е исклучено согласно Забелешка 1 (в) од Глава 66.<br><br>Врвовите оттука се распоредуваат во тар. подброј 9506 91 90 како делови на производи и опрема за општа физичка вежба. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |